РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 09-422/5

21-04-2022 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен врз основа на сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 65та седница одржана на ден 15.04.2022 година донесе

**Одлука**

**Постапката по предметот број** 09-2152/1 од 15.06.2021 година**, оформен по сопствена иницијатива против лицето** ----- -----, - ВД Директор на --- -- -- -------**, СЕ ЗАПИРА.**

**По редовна проверка на Образецот изјава за интереси** ДКСК утврди дека лицето ----- ------ по именувањето за ВД Директор на --- -- -- ------ не поднела анкетен лист и изјава за интереси до ДКСК во рок од 30 дена од денот на именувањето согласно член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите. По доставувањето за прекршочен платен налог и записник за констатиран прекршок до лицето, ДКСК нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен врз основа на пријава против лицето ----- ------, утврди дека во законски предвидениот рок по назначување за ВД Директор на --- -- - ---------, истата не поднела анкетен лист и изјава за интереси до Државната комисија за спречување што е спротивно на член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, па поради тоа согласно член 23 став 1 од истиот закон отвори предмет по сопствена иницијатива заведен со архивски број 09-2152/1 од 15.06.2021 година.

Постапувајќи по првичниот предмет оформен против ------ ------, а со цел утврдување на фактичката состојба, ДКСК се обрати до Министерство за ------- со цел прибирање податоци и информации и меѓу другото, достави Барање за доставување на личните податоци за др. ----- ------, односно ЕМБГ и адреса на живеење согласно член 34 став 2 од Законот за заштита на личните податоци.

Со оглед на тоа дека Министерството, не одговори на барањето за доставување на бараните податоци, ДКСК ги обезбеди истите, откако претходно се обрати до --- -- -- -------, по што согласно член 114 став 3 од ЗСКСИ, ДКСК поведе постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог и записник за констатиран прекршок против ------- -------.

Во два наврати, иако ДКСК се обиде уредно да ги достави списите до ------ ------, истата не ги побарала, односно подигнала истите.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, а согласно член 56 став 5 од Законот за прекршоците „***Прекршочниот орган е должен*** *во периодот од 15 дена сметано од денот кога ќе се утврди потребата од доставување,* ***да направи два последователни обида да се изврши уредно доставување*** *на еден од начините предвидени во ставот (1) на овој член,* ***а доколку доставата не успее****, писменото се објавува на веб страницата на прекршочниот орган и со истекот на осум дена од денот на неговото објавување* ***се смета дека доставата е извршена****"*, до Прекршочната комисија при ДКСК ќе се поднесе барање за поведување прекршочна постапка против лицето ------ ------.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, на Седницата одржана на ден 15.04.2022 година, ДКСК утврди дека лицето ------- ----- сторила повреда на член 82 став 1 од ЗСКСИ, односно по именувањето на функцијата ВД директор, службеното лице не доставило анкетен лист и изјава за интереси во рок од 30 дена од денот на изборот на функцијата, што е казниво по член 109 став 1 алинеја 1 од ЗСКСИ.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател**
**Нури Бајрами**

Изработил: Е.Н., соработник
Контролирал: К.З, раководител